Врз основа на член 20-г, од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20), член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 16/10, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,52/12 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 120/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 ,151/21 288/21, 111/23 и 39/25) , член 197, член 211, член 212 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија број 104/19, 146/19, 275/19,302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и Согласноста за обезбедени финансиски средства од Министерство за Финансии на Република Северна Македонија со број 19-2948/2 од 15.04.2025 година, ВД ДИРЕКТОРОТ на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола, распишува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-1822/2
05-06-2025 20 ____ година
Битола

ЈАВЕН ОГЛАС број 01/2025

за вработување на 3 (три) извршители – даватели на јавна услуга на неопределено време во Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола

Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола објавува Јавен оглас за вработување на 3 (три) извршители – даватели на јавна услуга на неопределено време на следните работни позиции :

1. **СОЗ 0303А05028 – Дипломиран социјален работник - Тријажер – Стручен службеник од петто ниво во Служба за права на парична помош – еден (1) извршител**

Општи услови :

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови :

- За ниво А5 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен , Социјална работа и социјална политика, без или со работно искуство од најмалку една година
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски)

Scanned with CamScanner

Потребни општи работни компетенции на средно ниво се :

- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати
- Работење со други/тимска работа
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

Распоред на работно време :

- Работни часови во неделата : 40 часови
- Работно време од понеделник до петок со флексибилно работно време и тоа пристигнување од 07:30 до 08:30 часот , заминување 15:30 до 16:30 часот

Паричен износ на основната нето плата : 31.272,00 денари.

2. **СОЗ 0303А05015 – Правник – Стручен службеник од петто ниво, Оддел за права и услуги од социјална заштита – Могила, во Служба за права на парична помош – еден (1) извршител**

Општи услови :

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови :

- За ниво А5 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен , Правни науки, без или со работно искуство од најмалку една година
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски)

Потребни општи работни компетенции на средно ниво се :

- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати
- Работење со други/тимска работа
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.
-

Scanned with CamScanner

Распоред на работно време :

- Работни часови во неделата : 40 часови
- Работно време од понеделник до петок со флексибилно работно време и тоа пристигнување од 07:30 до 08:30 часот , заминување 15:30 до 16:30 часот

Паричен износ на основната нето плата : 31.272,00 денари.

3. **СОЗ 0303Б02013 – Систем оператор за внес – помошно стручен службеник од второ ниво, Оддел за права и услуги од социјална заштита – Новаци, во Служба за права на парична помош – еден (1) извршител**

Општи услови :

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови :

- За ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование (средно економско образование, средно техничко образование)

Распоред на работно време :

- Работни часови во неделата : 40 часови
- Работно време од понеделник до петок со флексибилно работно време и тоа пристигнување од 07:30 до 08:30 часот , заминување 15:30 до 16:30 часот

Паричен износ на основната нето плата : 24.379,00 денари.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола или да се симне од интернет страната на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола https://jumcsrbitola.mk/ (линк од веб страната)

Кандидатите се долни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

Scanned with CamScanner

Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на проверка на веродостојноста на доказите и спроведување на интервју, **преку пошта и на нивната е-маил адреса** кои ја имаат внесено во пријавата.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

-Уверение за државјанство;
-Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место;
-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
-Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование;
-Доказ за соодветното работно искуство;*(за кандидатите кои аплицираат на работно место од категорија А, ниво А5 - стручен)*
-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.*(за кандидатите кои аплицираат на работно место од категорија А, ниво А5 - стручен)*
-Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)*(за кандидатите кои аплицираат на работно место од категорија А)*
-Кратка биографија
-Кратко мотивационо писмо

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа- Битола или по пошта на следната адреса: ул. Населба Карош бб - Битола (соназнаказа ,,Јавен оглас број – 01/2025,,)
Оддел за административни работи и човечки ресурси – Комисија за селекција на кандидати за даватели на јавна услуга.
Контакт телефон :047 231 641
НАПОМЕНА : Ненавремените, нецелосните и некомплетираните пријави и документација нема да се разгледуваат.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

ЈУМ Центар за социјална работ
ВД Директор
Наташа Георгиевска

Scanned with CamScanner